# Брошура за: Следење на изборите и помош за лицата со попреченост да учествуваат на избори

## Лесно разбирливи информации

OSCE
ODIHR

# Брошура за:
# Следење на изборите и помош за лицата со попреченост да учествуваат на избори

## Лесно разбирливи информации

Office for Democratic Institutions and Human Rights
OSCE ODIHR

Оваа брошура беше првично објавена во 2017 година од страна на ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР) како Прирачник за набљудување и унапредување на учество на избори на лицата со попреченост.

Прирачник за набљудување и унапредување на учество на избори на лицата со попреченост. Оваа лесно разбирлива верзија е подготвена во рамки на проектот Поддршка за изборите на Западен Балкан финансиран од Европската унија и Австриската развојна агенција. Упатете се на оригиналната публикација која е конечна и официјална верзија.

Оваа брошура ги следи европските стандарди за лесно читање и разбирање на информациите.

Дознајте повеќе на: www.inclusion-europe.eu/easy-to-read/

Содржина Страна


| | |
|---|---|
| Вовед | 4 |
| Конвенцијата и други важни меѓународни документи | 14 |
| Пречки за учество на избори | 26 |
| Разни фази од изборите | 31 |
| Работата на ОДИХР | 47 |
| Контакти | 53 |

# Вовед

Организацијата за безбедност и соработка во Европа накусо се нарекува **ОБСЕ**.

Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ накусо се нарекува **ОДИХР**.

ОДИХР е дел од ОБСЕ.



ОДИХР смета дека е важно лицата со попреченост да имаат можност да учествуваат на изборите.

Набљудувачи на изборите



Луѓето кои се нарекуваат **набљудувачи на изборите од ОДИХР** имаат задача да проверат дали при изборите се следат **меѓународните закони**.



**Меѓународни закони** се правила помеѓу разни држави кои мора да се почитуваат.

**Набљудувачите на изборите од ОДИХР** имаат задача да проверат дали на лицата со попреченост им се дава можност да учествуваат на изборите.



Оваа брошура им објаснува на читателите за работите кои им помагаат на луѓето со попреченост да учествуваат на избори.




Оваа брошура ги информира набљудувачите на ОДИХР како да проверуваат дали на лицата со попреченост им е дадена можност да учествуваат на изборите.



**Попреченост**

Околу 1 милијарда луѓе во светот имаат **попреченост**.

Лицата со **попреченост** имаат различни потреби.



Лице со **физичка попреченост** има потешкотии да се движи наоколу.

Лице со физичка попреченост може да користи инвалидска количка.



Лице со оштетен вид има потешкотии со видот.

Лице со оштетен слух има потешкотии со слухот.



Лице со **психосоцијална попреченост** може да не се чувствува умствено добро.

Тоа значи дека може да биде загрижен или тажен.



Лице со **интелектуална попреченост** може да има потешкотии да учи.



Лицата со попреченост претставуваат **најразлична** група.

**Различно** значи дека тие луѓе се разликуваат меѓу себе.



Лицата со попреченост имаат различни потреби.

Лицата со попреченост не размислуваат на ист начин за работите.

Лицата со попреченост имаат различни идеи.




Лицата со попреченост имаат различни **приоритети**.

**Приоритети** се оние работи кои му се најважни на еден човек.



Потребно е да разбереме дека лицата со попреченост се различни.

Тоа ќе помогне лицата со попреченост соодветно да се вклучат во изборите.



Светот постојано се менува.
Луѓето учат нови начини
како да размислуваат за нештата.

Во минатото се зборуваше за помош на лицата со попреченост со љубезност и добрина.




Сега знаеме дека лицата со попреченост ги имаат истите права како и сите луѓе.

Тоа се нарекува **човекови права**.

Постои документ кој се вика **Конвенција за правата на лицата со попреченост**.

CRPD
CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост накусо се вика **Конвенција**.

**Конвенцијата** е правен документ за човековите права на лицата со попреченост.

Конвенцијата ни кажува дека лицата со попреченост ги имаат истите права како и сите луѓе.




Според **Член 29** од Конвенцијата лицата со попреченост имаат право да учествуваат во политиката и изборите.




Според **Член 12** од Конвенцијата одлуките на лицата со попреченост мора да се прифатат.

**Член 12** исто така зборува за помагање на лицата со попреченост да донесат одлуки.



Добивањето помош за да се донесат одлуки се нарекува **одлучување со поддршка**.




**Набљудувачите на изборите на ОДИХР** треба да проверат дали државите го прават тоа што го пишува во Конвенцијата.




Лицата со попреченост може да учествуваат на изборите на повеќе начини:

Можете да учествувате во политиката ако сте **кандидат за избори**.

**Кандидат за избори** е лице кое сака да работи како политичар. Кандидатот за избори сака луѓето да гласаат за него или неа.



Можете да учествувате на избори ако работите на **изборна кампања**.

**Изборна кампања** е времето пред изборите кога политичарите ги охрабруваат луѓето да гласаат за нив.



Можете да учествувате на изборите кога **гласате**.

# Оваа брошура е составена од четири дела



**Дел 1** зборува за Конвенцијата и други важни правни документи од целиот свет.



**Дел 2** зборува за **пречките** со кои се соочуваат лицата со попреченост на избори.

**Пречки** се оние работи кои ги спречуваат лицата со попреченост да учествуваат на изборите.

Дел 2 исто така зборува како да се надминат пречките.



**Дел 3** зборува за секоја фаза од изборите.

Дел 3 исто така зборува за работите кои треба да ги проверат набљудувачите на избори од ОДИХР во секоја фаза од изборите.




**Дел 4** зборува за различните начини на кои набљудувачите на избори од ОДИХР ги проверуваат изборите.

Дел 4 исто така зборува како ОДИХР им помага на владите.

# Дел 1
# Конвенцијата и други важни меѓународни документи



Со текот на годините многу важни документи се напишани за учеството на лицата  со попреченост во политиката.



Некои од тие документи се идеи и планови.

Некои од тие документи се **правни документи**.

**Правните документи** зборуваат за правилата кои треба да ги следиме.

CRPD
CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

Конвенцијата ги содржи најважните информации за учеството на лицата со попреченост во секојдневниот живот и политиката.



ОБСЕ вели дека **плуралната демократија** е најдобар начин да се обезбеди еднаквост и праведност за сите групи.

**Плурална демократија** значи дека различни групи луѓе се вклучени во политиката и јавните расправи.



Во минатото правото на лицата со интелектуална **попреченост** да гласаат можеше да им биде одземено.



Конвенцијата вели дека тоа е **дискриминација**.

**Дискриминација** е кога со лице или група на лица не се постапува праведно.

Конвенцијата вели дека лицата со попреченост може да учествуваат во сите делови од изборите без никаква дискриминација.




Конвенцијата вели дека е важно да се соберат сите информации за лицата со попреченост.

Тие информации може да се користат за да се носат добри одлуки.

Конвенцијата вели дека тие информации треба да се организираат во различни делови.

Различните делови со информации ни кажуваат за различните видови на лица со попреченост.

Различните делови со информации ни кажуваат кои се најдобрите начини да им се помогне на лицата со попреченост да учествуваат во политиката и изборите.



Конвенцијата вели дека е важно да се разговара со лицата со попреченост за законите и политиките за попреченост.



Важно е да се слушне мислењето на лицата со попреченост за тие закони и политики.



Конвенцијата вели дека лицата со попреченост треба да можат да ги користат сите јавни места и услуги на ист начин како и останатите луѓе.

Тоа се нарекува **пристапност**.



Конвенцијата вели дека информациите треба да бидат достапни и разбирливи.

Тоа исто така се нарекува **пристапност**.



**Аудио информации** се информациите кои ги слушаме.

Радио емисија е тип на аудио информација.




**Визуелни информации** се информации кои ги гледаме.

Постер е тип на визуелна информација.



**Тактилни информации** се информации кои ги добиваме преку допир.

Брајовото писмо е тип на тактилна информација.



Текст со поголеми букви прави информациите да бидат попристапни.

**Лесно разбирливи информации** се информации кои се напишани на едноставен начин.

Лесно разбирливите информации содржат и слики.



**Аудио-визуелни информации** се информации кои ги слушаме и гледаме во исто време.

Видео е тип на аудио-визуелна информација.



Информациите треба да се даваат на места каде ќе бидат видени.



Информациите може да се поставаат на интернет за да може да се вклучат и луѓето кои не можат да патуваат.



Конвенцијата вели дека:

- информациите,
- услугите,
- местата и
- производите

треба да имаат **универзален дизајн**.

**Универзален дизајн** значи дека се во околината треба да биде достапно за сите луѓе.



Понекогаш едно лице може да има повеќе различни потреби.

Тие различни потреби значат дека информациите, производите, местата или услугите ќе треба да се приспособат за тоа лице.



Тие измени се нарекуваат **разумно приспособување**.

**Разумно приспособување се** измените кои се направени на информациите, производите, услугите или местата за да можат луѓето да ги користат.



**Член 29** од Конвенцијата зборува за учеството на лицата со попреченост во политиката и изборите.

Член 29 зборува дека информациите дадени на располагање за секоја фаза од изборите треба да се лесно разбирливи.

Член 29 зборува дека **избирачките места** треба да бидат пристапни за инвалидски колички.




**Избирачко место** е местото каде луѓето одат да гласаат на избори.



Конвенцијата вели дека најдобро е за лицата со попреченост да гласаат во избирачките места заедно со останатите луѓе.

Тоа помага тие да гласаат тајно.

Тајното гласачко ливче е важен дел од демократијата.



Член 29 вели дека лицата со оштетен вид треба да можат да гласаат во избирачките места со користење на **уред за помогнато гласање**.

**Уреди за помогнато гласање** се апарати кои му помагаат на лицето со попреченост да гласа.



Член 29 исто така вели дека лице со попреченост може да добие помош при гласањето во избирачкото место од лице кое самиот ќе го избере.



Политичките средби треба да бидат на пристапни места за лицата со попреченост.



Тоа значи дека лицата може да ги гледаат собирите и преку интернет.



Информациите на политичките средби треба да бидат разбирливи за лицата со попреченост.




Информациите кои ги кажуваат политичките партии и кандидатите мора да бидат разбирливи за лицата со попреченост.



Кога лицата со попреченост ги разбираат различните информации кои ги кажуваат политичките партии и кандидатите тие можат да направат **информирана одлука**.




Понекогаш луѓето мислат дека лицата со попреченост не ги интересира политиката.

Тоа се нарекува **стереотип**.

**Стереотип** е мислење за одредена група луѓе. Стереотипите честопати може да бидат погрешни и штетни за тие групи.




Конвенцијата сака да обезбеди дека со лицата со попреченост не се постапува така.

Конвенцијата сака **медиумите** да прикажуваат дека лицата со попреченост се вклучени во политиката.




**Член 12** од Конвенцијата зборува за прифаќањето на одлуките кои ги прават лицата со попреченост.

**Член 12** исто така зборува за потребата од помош на лицата со попреченост при носењето одлуки.



Добивањето помош при носењето одлука се нарекува **поддржано одлучување**.



**Европскиот суд за човекови права** е суд  каде се жалат луѓе кои велат дека нивната држава им одземала едно или повеќе од нивните човекови права.



Овој суд накусо се нарекува Европски суд.

Тоа што го кажува Европскиот суд е важно за сите држави во Европа.



Европскиот суд расправаше по предмет за лица со попреченост во Унгарија.



Предметот се нарекува Кис против Унгарија (2010).



На овие луѓе не им било дозволено да гласаат на избори бидејќи имале интелектуална попреченост.



Европскиот суд вели дека на лицата со попреченост не може да им се забрани да гласаат на избори.

Европскиот суд вели дека лицата со попреченост може да се тестираат за да се види дали може да гласаат.

CRPD
CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

Важни организации имаат различни мислења за правата на лицата со попреченост.

Конвенцијата вели дека тестирањето на лице со попреченост пред да гласа е дискриминација.

Конвенцијата вели дека сите лица со попреченост имаат право да гласаат.

Конвенцијата не се согласува со Европскиот суд околу тестирањето на лицата со попреченост.

# Дел 2
# Пречки за учество на изборите



Тешко се добиваат информации за бројот на лица со попреченост кои гласаат на избори.



Според некои информации лицата со попреченост се **недоволно вклучени** во сите фази од изборите.

**Недоволно вклучени з**начи дека нема доволно лица со попреченост кои учествуваат на изборите.



Лицата со попреченост се недоволно застапени како:

- гласачи
- кандидати
- политичари
- набљудувачи на изборите
- избрани функционери – политичари кои ја сочинуваат владата
- изборна администрација –лица кои ги водат изборите.



Некои причини поради кои лицата со попреченост не учествуваат на изборите се:

- правни пречки – тоа значи дека законите во државата не им помагаат на лицата со попреченост да учествуваат на изборите.
- негативни стереотипи за лицата со попреченост.
- информациите за учество на изборите не се пристапни.
- лицата со попреченост немаат доволна поддршка за да бидат дел од изборите
- се водат малку разговори со лицата со попреченост.







**Организациите на лицата со попреченост** накусо се нарекуваат **здруженија.**

Здруженијата говорат за пречките со кои се соочуваат лицата со попреченост.

Одлуките и политиките кои се носат заедно со здруженијата се многу покорисни за лицата со попреченост.



**Здруженијата на лица со попреченост** велат дека лицата со попреченост не учествуваат на изборите поради дискриминација.

Тоа значи дека лицата со попреченост се уште повеќе **исклучени** од општеството.

Кога луѓето се **исклучени** тоа значи дека тие не се вклучени во нешто.



Лицата со попреченост не се **консултирани** за работите кои ги засегаат.

**Консултирани** значи да се побара мислењето на лицата со попреченост.



**„Ништо за нас без нас”** е име на кампања.




„Ништо за нас без нас” значи лицата со попреченост секогаш да бидат вклучени при носењето важни одлуки за прашања околу попреченоста.




Конвенцијата вели дека лицата со попреченост и **здруженијата на лица со попреченост** треба да бидат дел од одлучувањето.



Жените со попреченост се соочуваат со многу пречки за учество на изборите.

Нема многу жени со попреченост кои учествуваат во политиката и изборите.

Жените со попреченост се **недоволно вклучена група** во политиката.



За темите кои им се важни на жените со попреченост недоволно се зборува.

Во тие теми влегуваат можност за учество во политиката и имање контрола врз сопствениот живот.

Темите кои се важни за жените со попреченост може да бидат заборавени.

# Дел 3
# Различни фази од изборите




Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да размислат за сите препреки за учество на лицата со попреченост на избори.

Во оваа брошура се напишани најважните прашања за набљудувачите во секоја фаза од изборите.




**1. Предизборие** – тоа е времето пред да се одржат изборите.

Office for Democratic Institutions and Human Rights
OSCE ODIHR

ОДИХР е институција во состав на ОБСЕ.

57 држави се членки на ОБСЕ.

ОДИХР ги набљудува изборите во овие држави.

Само неколку држави на ОБСЕ имаат закони за учество на лицата со попреченост на избори.



Многу држави не препознаваат дека отсуството на универзален дизајн претставува дискриминација.

Многу држави не препознаваат дека отсуството на разумно приспособување претставува дискриминација.




Набљудувачите на избори од ОДИХР треба да проверат дали се следи Член 9 од Конвенцијата.

Член 9 од Конвенцијата зборува за пристапноста.



Местата каде се одржуваат кампањи и избори треба да бидат пристапни.

Некои важни работи кои треба да се обезбедат се:

- рампи



- место за паркирање на лица со попреченост



- тоалети кои се пристапни за инвалидски колички
- знаци на просториите



Информациите за изборите треба да бидат разбирливи.

Пред изборите лицата со попреченост треба да знаат за видот на поддршка која ја имаат за да можат да гласаат.

Помошните уреди и мобилните помагала треба да бидат на располагање.

**Помошни уреди за гласање** сеапарати кои му овозможуваат или олеснуваат на лицето со попреченост да гласа. Мобилно помагало е помошен уред кој им помага на луѓето да се движат.



Член 2 од Конвенцијата зборува за различните начини на комуникација со различно население.

Информациите за изборите треба да бидат дадени во тактилен, аудио и визуелен формат.

**Тактилни информации** се информации добиени преку допир.

Брајовото писмо е вид на тактилна информација.



**Аудио информации** се информации кои ги слушаме.

Радио емисија е вид на аудио информација.




**Визуелни информации** се информации кои ги гледаме.

Постер е тип на визуелна информација.

Текст со поголеми букви прави информациите да бидат попристапни.



**Лесно разбирливи информации** се информации кои се напишани со едноставен начин.

Лесно разбирливите информации содржат и слики.



**Аудио-визуелни информации** се информации кои ги слушаме и гледаме во исто време.

Видео е вид на аудио-визуелна информација.



Информациите на интернет страниците за избори треба да следат посебни правила за интернет страницата да биде пристапна.




Набљудувачите на ОДИХР треба да се осигураат дека гласачките ливчиња се разбирливи за сите лица со попреченост.



Член 9 од Конвенцијата вели дека лицата кои работат на изборите треба да добијат обука за видовите на попреченост.



Лицата со попреченост треба да бидат консултирани пред да се носат одлуки во врска со попреченоста.

**Консултирање** на лицата со попреченост значи да се побара нивното мислење.



На лицата со попреченост може да им треба повеќе време отколку на другите луѓе да го дадат своето мислење.



Консултации со лицата со попреченост треба често да се прават.

Тоа ќе помогне да се соберат мислењата на лицата со попреченост.




Здруженијата на лица со попреченост треба да се консултираат околу правилата за одржување избори.




Набљудувачите на избори од ОДИХР треба да проверат дали здруженијата биле консултирани околу водењето на изборите.



Набљудувачите на ОДИХР треба да проверат дали во државата постојат закони кои велат дека лице со попреченост не може да гласа.

Во некои држави постојат закони кои велат дека лице со попреченост не може да биде кандидат.




Лице со попреченост кое нема право да учествува на избори може да поднесе официјален приговор.




Медиумите мора да ги консултираат здруженијата.

Здруженијата можат да им помогнат на медиумите да обезбедат разбирливи информации за изборите.




Конвенцијата вели дека медиумите мора да ја информираат јавноста за гласањето на избори.

Информациите мора да се разбирливи за лицата со попреченост.




Набљудувачите од ОДИХР треба да проверат дали лицата со попреченост може лесно да се регистрираат за гласање.




Тешко може да се види колку лица со попреченост учествувале на изборите и каков вид на попреченост имаат.

Лицата со попреченост имаат право на приватност.




Тешко е да се знае дали обезбедената поддршка е добра кога не се собрани информации за:

- различниот вид на попреченост кај луѓето
- возраста
- полот.



Добра идеја е да се прашаат луѓето каква помош им е потребна наместо да се прашуваат за попреченоста.




Нема голем број држави-членки на ОБСЕ кои даваат помош на лица со попреченост за да се кандидираат.

Не секогаш има услови лицата со попреченост да се кандидираат на избори.



**Политичка партија** е група на луѓе кои заедно работат бидејќи имаат исти цели и идеи.

Лица со попреченост може да бидат членови на политички партии.



Политичките партии треба да ги направат информациите за нивните планови разбирливи.



Тоа им помага на лицата со попреченост да направат информиран избор.




Политичките партии може ќе треба да обезбедат дополнителна помош и пари за да се помогне на лице со попреченост да се кандидира.



На кандидат со попреченост за изборите може да му треба **разумно приспособување**. На пример на лице со оштетен слух да му се обезбеди преведувач на знаковен јазик.



**2. Изборен ден** – тоа е денот кога луѓето гласаат на избори.



Конвенцијата вели дека изборите мора да се организираат на пристапен начин.




Конвенцијата вели дека **универзалниот дизајн** мора да се следи.




Избирачките места мора да бидат пристапни за сите лица со попреченост.



Информациите за гласањето мора да бидат разбирливи за сите лица со попреченост.



Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат дали лицата со попреченост можат да добијат помош при гласањето доколу им треба.




Материјалите за гласање и опремата мора да имаат универзален дизајн.



На лица со оштетен вид може да им треба:

- лупа
- гласачки ливчиња кои можат да се читаат со допир
- водичи за гласачко ливче на Брајовата азбука



На лицата со попреченост може да им биде потребно лице кое сами ќе го изберат  да им помогне при гласањето.

Важно е тоа лице да биде избрано од лицето со попреченост.



Ако лице кое работи на гласачкото место му помага на лицето со попреченост да гласа тоа може да значи дека гласањето не е тајно.



Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат што вели законот за помогнато гласање.

Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат дали лицето гласа тајно.



Конвенцијата вели дека најдобро е лицата со попреченост да гласаат на избирачките места заедно со сите други луѓе.

Понекогаш тоа не е можно.



Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат дали луѓето можат да гласаат на други начини.

Други начини на гласање се гласање по пошта или мобилно гласање.




Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат дали тие други начини на гласање се спроведуваат на најдобар начин.




**3. По изборите** – тоа е фазата откако луѓето гласале.

Важно е лицата со попреченост да ги знаат резултатите од изборите во **реално време**.



**Реално време** е времето кога изборните резултати се соопштуваат на јавноста.



Изборните резултати може да се даваат во разбирлива форма за лицата со попреченост.




Член 13 од Конвенцијата зборува за обезбедување праведност за лицата со попреченост.

Набљудувачите на изборите од ОДИХР треба да проверат дали постои начин лицата со попреченост да поднесат приговор за изборите.



Конвенцијата искажува загриженост дека лицата со попреченост се недоволно вклучени како кандидати за избори и вработени во државните организации.




Важно е да се собираат и објавуваат информации за бројот на лица со попреченост кои биле кандидати на избори.

Важно е да се собираат и објавуваат информации за бројот на лица со попреченост кои се на избирачкиот список.




Корисно е доколку сите информации за лицата со попреченост кои учествуваат на изборите се организирани во различни делови.

Различните делови со информации ни кажуваат за различните видови на лица со попреченост.

Овие различни делови со информации може да се искористат гласањето на избори да се направи попристапно за сите лица со попреченост.

# Дел 4
# Работата на ОДИХР

CRPD
CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

Важен дел од Конвенцијата се лицата со попреченост кои учествуваат на избори.




Важно е да се собираат информации за лицата со попреченост кои учествуваат на избори.

Набљудувачи на изборите



ОДИХР испраќа набљудувачи на изборите на различни места за да видат дали лицата со попреченост можат да гласаат.




Здруженијата и граѓанските набљудувачи исто можат да помогнат со собирањето информации во државата.




За да можат лицата со попреченост да учествуваат на избори најважно е:

- да имаат вистинска можност да се кандидираат,



- да добиваат разбирливи информации за изборите,




- да гласаат без пречки,



- да ги добиваат изборните резултати на разбирлив начин.




ОДИХР испраќа тим за проценка на потребите во државата пред избори.

**Тимот за проценка на потребите** ги проверува предизборните активности и укажува дали ОДИХР треба да ги набљудува изборите.

**Тимот за проценка на потребите** ќе се сретне со здруженијата.



По набљудувањето на изборите ОДИХР пишува извештај.

Во извештајот се кажува дали лицата со попреченост можеле да учествуваат на изборите кои ОДИХР ги набљудувале.



**Активности после изборите**
ОДИХР спроведува активности после изборите во државите каде ги набљудува изборите.

**Со активностите после изборите** ОДИХР се обидува да се направат изборите попристапни.

Изборите ќе бидат подобри ако лицата со попреченост се дел од политиката и изборите.



Важно е учеството на недоволно застапените групи во политиката.



ОДИХР сака да ги вклучи недоволно застапените групи за изборите да бидат подобри.

ОДИХР сака да обезбеди дека недоволно застапените групи ќе бидат повеќе вклучени во изборите во иднина.




ОДИХР сака да се консултира со здруженијата за да бидат подобри изборите.

ОДИХР сака и националните влади да се консултираат со здруженијата за проблемите на лицата со попреченост.

CRPD
CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

ОДИХР сака националните влади да постапуваат како што пишува во Конвенцијата.

Office for Democratic Institutions and Human Rights
OSCE ODIHR

**Набљудувањето на изборите од ОДИХР** им помага на владите да дознаат повеќе за начините на кои им се помага на лицата со попреченост да учествуваат на изборите.




**Набљудувањето на изборите од ОДИХР** значи дека ОДИХР ги следи изборите.

Изборите се следат за да се провери дали лицата со попреченост имаат можност да учествуваат на изборите.

Набљудувањето на изборите од ОДИХР им помага на владите да следат што се вели во Конвенцијата за изборите.



Оваа брошура помага да се појаснат начините преку кои ќе се обезбеди лицата со попреченост да учествуваат на изборите.

# Контакти

За повеќе информации посетете
**OSCE.org/ODIHR**

или можете повеќе да дознаете ако не контактирате на:



Е-пошта:
**office@odihr.pl**



Телефон:
**+48 22 5200 600**




Поштенска адреса:
**OSCE/ODIHR**
**ul. Miodowa 10**
**00-251 Warsaw, Poland**